# ЕУ И ТЕРОРИЗМОТ ВО 2016 ГОДИНА

Во изминатите години ЕУ се соочи со голем број терористички закани и напади од насилна џихадистичка природа, од мрежно поврзани терорстички групи и индивидуални извршители. Терористичките напади во Брисел, Ница и Берлин, извршени со експлозив (Брисел) и возила (Ница и Берлин) неселективно убија и повредија голем број луѓе. Милитантните џихадисти ја докажаа способноста за нанесување на штета на граѓаните на ЕУ.

Во 2016 година, регистрирани се вкупно 142 неуспешни, превенирани и реализирани терористички напади во  осум земји-членки на ЕУ. Повеќе од половина (76) од нив биле извршени во Обединетото Кралство, Франција 23 напади, Италија 17, Шпанија 10, Грција 6, Германија 5, Белгија 4 и Холандија 1 напад. Во овие напади имаше 142 жртви, а 379 лица беа повредени. Вкупниот број на извршени терорстички напади во 2016 година е продолжение на трендот на опаѓање кој започна во 2014 година кога имаше 226 напади и 211 напади во 2015 година.

Иако дел од извршените напади не беа поврзани со милитаниот исламизам и верски екстремизам, голем процент припаѓаат на најсериозните форми на терористичка активност, односно скоро сите жртви се резултат на џихадистички терористички напади.

Во 40% од нападите е користен експлозив, а жените и помлади лица, па дури и деца, во се поголем број имаат оперативна улога во извршување на терористичките активности. Од спроведените апсења е констатирано дека извршителите се поврзани со џихадистичките терористички организации од Блискиот Исток.

Најголем број од нападите - 99, се извршени од страна на етнонационалистички и сепаратистички екстремисти. Нападите извршени од левичарски насилни екстремисти се во пораст од 2014 година, односно тие достигнаа вкупно 27 во 2016 година, од кои повеќето (16) беа регистрирани во Италија. Бројот на џихадистички терористички напади е во пад од 17 во 2015 година, на 13 во 2016 година, од кои 6 беа поврзани со терористичката организација Исламска држава (ИД). Освен џихадистичките, етно-националистичките и левичарските екстремистички напади, во Европа, особено во текот на изминатите две години, се забележува раст на нападите извршени од страна на десничарски екстремистички поединци и групи, насочени кон барателите на азил и етничките малцинства.

Бројот на апсења за тероризам во 2016 година – 1002 лица е помал од оној во 2015 година – 1077 лица. Најголем дел од апсењата се поврзани со џихадистичкиот тероризам, чија бројка се зголемува трета година по ред: 395 во 2014 година, 687 во 2015 и 718 во 2016 година. Бројот на апсења за левоориентирани и сепаратистички терористички

напади падна на половина од бројката во 2015 година (од 67 и 168 во 2015 година до 31 и 84 во 2016 година). Бројот на апсења за десничарскиот тероризам остана на ниско ниво (12 во 2016 година, 11 во 2015 година). Франција е единствената земја-членка на ЕУ во која вкупниот број апсења продолжува да се зголемува: од 238 во 2014 година, на 424 во 2015 година и до 456 во 2016 година. Речиси една третина од уапсените – 291, биле на возраст од 25 години или помлади. Само еден од десет уапсени (9%) во 2016 година бил постар од 40 години.

Апсењата за терористички активности (подготовка, финансирање, помагање, обид или извршување на напади) се намалија од 209 во 2015 година на 169 во 2016 година. Исто така, се намалија апсењата за патување во конфликтни зони за терористички цели: од 141 во 2015 година на 77 во 2016 година. Исто така намален е бројот на апсења на луѓе кои се враќаат од конфликтните зони во Сирија и Ирак: од 41 во 2015 година на 22 во 2016 година.




Терористичките напади се инспирирани и организирани од идеологијата и реториката на ИД. Џихадистичките терористи се користат со разни оружја вклучувајќи ладно оружје, автоматски пушки, експлозиви и возила, а во иднина се очекува да продолжување на истиот тренд.

Нападите се внимателно подготвени и спонтано спроведени. Терористите кои дејствуваат во име на ИД се покажаа способни да планираат релативно комплексни напади вклучувајќи ги и оние на повеќе цели - брзи и ефикасни терористички напади. Се очекува и во иднина терористите да продолжат да користат главно ниско-технолошки помали

импровизирани експлозивни направи и импровизирани запаливи направи кои се состојат од лесно достапни производи.

Милитантните џихадисти се насочени од поединци, мали групи на луѓе и важни личности во општеството, до големи толпи на луѓе кои ги застапуваат вредностите на западните демократски општества. Поединци или мали групи на полицијата и војскат представуваат тврди цели, додека црквите, синагогите, џамиите и големите необезбедени толпи на луѓе преставуваат меки цели. Нападите извршени на локации со меѓународен карактер, како што е метро станицата во Брисел (во близина на институциите на ЕУ) и меѓународниот аеродромот Завентем, имаат мултиплициран ефект со загарантирано внимание на медиумите во светот.

Сторителите на терористичките напади во ЕУ, покрај домашни извршители кои пораснале во земјите кои ги нападнале вклучуваат и странци, од кои голем број подолго живееле во ЕУ. Пристигнувањето на бегалците и мигрантите во Европа од постојните и новите конфликтни зони се очекува да продолжи. ИД веќе го искористи приливот на бегалци и мигранти да испратат поединци во Европа за да извршат акти на тероризам, што стана очигледно по нападите во Париз во 2015 година.

Терористичките групи продолжуваат да ги искористуваат поплаките на муслиманските имигранти во ЕУ од социо-економска природа, со цел да ги регрутираат и да ги поттикнат да се вклучат во терористички активности. Идеологијата на ИД има одредена симпатија помеѓу одредени сегменти од муслиманското население во ЕУ, а понекогаш дури изразувајќи восхит за нивното „мачеништво“.

Има намалување на бројот на лица кои патуваат во конфликтните зони во Сирија и Ирак за да им се придружат на терористички групи како странски борци. Доколку ИД во идниот период биде поразена многу веројатно е бројот на повратниците да се зголеми. Зголемениот број повратници, најверојатно, ќе ги засили домашните џихадистички движења низ Европа, и пропорцијално ќе ја зголеми заканата.

Во глобални рамки, нивото на активност во ЕУ што му се припишува на милитантниот џихадистички тероризам останува висока, со индикации дека таа продолжува да расте. Во 2016 година се направени 718 апсења поврзани со џихад тероризмот, број кој се зголемува во последните три години.

Бегалците и етничките малцинства во ЕУ се соочуваат со зголемено насилство. Овие кривични дела, веројатно, имаат за цел сериозно заплашување на одредени делови од оваа популацијата. И покрај тоа што покажуваат некои сличности, не се квалификуваат како тероризам или насилен екстремизам и поради тоа не се пријавуваат од страна на земјите-членки на ЕУ и не се вклучени во бројките.

Смртоносниот напад извршен врз пратеникот на Лабуристичката партија во Велика Британија во јуни 2016 година, уште еднаш ја покажа заканата која доаѓа и од индивидуалните терористи кои би можеле да бидат инспирирани од десничарската идеологија, но не мора да имаат тесна поврзаност со екстремистичките групи. Врз основа на овој и други извршени физички напади врз политичари што се случија во ЕУ во 2016 година, одредени јавни личности, политички партии, граѓанските групи и медиуми кои имаат критички став за десничарскиот екстремизам, се сметаат за потенцијални цели на десничарските екстремисти. Анархистичките и левичарските екстремисти, од друга страна, мирните демонстрации ги користат како параван за извршување напади врз државен имот и безбедносните сили.

Неодамнешните напади во Лондон, Манчестер и Париз претставуваа јасна промена во намерата и способноста за извршување на овие терористички акции со цел привлекување на вниманието на слободниот демократски свет. Ефектите од таквите дела ќе останат во колективното сеќавање на слободните луѓето. Сеќавањето на невините жртви и страдањата на нивните семејства и блиски ќе ја поттикнуваат заложбата за ефикасно зајакнување на заедничките напори и соработка меѓу сите земји-членки на ЕУ за справување со оваа современа закана. Никогаш порано потребата за размена на информации не била понеопходна како во изминатите две години, години со невиден облик на џихадистички терористички напади низ цела Европа, што доведе до 135 жртви. За разлика од етно-националистичкиот и сепаратистичкиот тероризам, како и повеќето манифестации на левичарски насилен екстремизам, џихадистичкиот тероризам има меѓународен карактер и затоа е потребен меѓународен одговор со прекуграничното спроведување на законот.


Напади и апсења во земјите членки на ЕУ
во 2016 година
НАПАДИ
АПСЕЊА
3
8
17
76
149
1
45
4
65
5
35
6
2
34
1
23
456
1
17
38
5
10
120
6
17